

По една и пол година изградба, денеска беше пуштена во употреба спортската сала во средното училиште „Киро Бурназ“ во Куманово, за која Владата инвестираше околу 650.000 евра. Таа е дел од проектот „145 училишни спортски сали“ кој го спроведува Министерството за образование и наука.

Салата ќе ја користат 768-те ученици, но и спортисти од клубови кои активно тренираат. Изградена е по современи стандарди за енергетска ефикасност, има трибина со 400 седишта, реквизити за различни видови спортови, како и гардероби, туш-кабини, санитарни јазли и простории за опремата.

- Отсега средношколците и спортистите ќе имаат нормално и модерно место каде да тренираат и да се реакреираат. Нема повеќе импровизација, нема повеќе малтретирање на учениците на часовите по физичко образование. Училиштето има нова спортска сала, со најсовремена спортска опрема, оспособена за повеќе видови спортови, истакна премиерот Никола Груевски, кој свечено го отвори новиот објект во кумановската населба Долно Којнаре.

